Врз основа на чл. 76 од Законот за здруженија на граѓани и фондации („Сл весник на РМ” бр. 31/98) и чл. 22 став 1 алинеа 1 од Статутот на МНК - ИКОМОС, Собранието на Македонскиот национален комитет за споменици и места - ИКОМОС, на седницата одржана на 21.06.2002 година ги донесе измените и дополнувањата на Статутот на МНК - ИКОМОС, усвоен на 25 декември 1998, кој по измените и дополнувањата гласи:

# С Т А Т У Т
# НА
# МАКЕДОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА СПОМЕНИЦИ И МЕСТА - ИКОМОС (ИЦОМОС)

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Статут се утврдуваат: програмските цели и задачи на Македонскиот национален комитет за споменици и места - ИКОМОС (во натамошниот текст само Комитетот), називот и седиштето, формата на здружување и внатрешната организација, условите и начинот за зачленување и престанување на членувањето, како и правата, обврските и одговорностите на членовите, органите на Комитетот и нивните права, обврски и одговорности, застапувањто и претставувањето, начинот на користење и располагање со средствата и имотот на Комитетот, начинот на известување на јавноста за работата, начинот на одлучување за здружување во други форми на здружување, вклучувајќи и меѓународни организации, начинот на донесување на Статут и неговите измени и дополнувања, начинот на донесување одлуки за престанок на работата на Комитетот, начинот на располагање со имотот во случај на престанок на работата на Комитетот, како и други активности што се од интерес и значење за работата на Комитетот.

### Член 2

Здружувањето на граѓаните на Република Македонија во Комитетот е доброволно, вонпартиско, невладино и непрофитно, со цел - унапредување на конзервацијата, заштитата, рехабилитацијата и поттикнувањето на интересот за историските споменици, комплекси на згради и места со национална и меѓународна основа.

### Член 3

Називот на здружението е: МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ ЗА СПОМЕНИЦИ И МЕСТА - ИКОМОС, а скратениот назив на здружението гласи: МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН КОМИТЕТ - ИКОМОС. Седиштето на Комитетот е во Скопје, на ул. „Даме Груев” 14 а.

**Член 4**

Комитетот има својство на правно лице.

Комитетот поседува свој печат и штембил.

Штембилот е со правоаголна форма и вообичаена големина. На горниот раб се наоѓа називот на Комитетот – „Македонски национален комитет за споменици и места - ИКОМОС”. Во средината има ознака „Бр.” со црта. На долниот раб се наоѓа линија „ ___________ година”. Под долната линија стои зборот „Скопје”.

Печатот е со тркалезен облик, со вообичаена големина од 3 см, по чија внатрешна страна полукружно на кирилица е испишано: „Македонски национален комитет за споменици и места - ИКОМОС”, а по средината стои зборот „Скопје”.

Комитетот има амблем, чиј изглед начин и услови на употреба го утврдува Извршниот одбор на Комитетот.

**Член 5**

Членувањето и активностите на Комитетот се реализираат на територијата на Република Македонија.

**Член 6**

Работата на Комитетот е јавна.

Здружението ја известува јавноста за својата работа преку јавните средства за информирање. На состаноците на Собранието на Комитетот се повикуваат претставници на јавните средства за информирање (печатот, радиото, телевизијата). Комитетот за својата работа ги известува сите заинтересирани физички и правни лица во земјата и странство.

**Член 7**

Комитетот го претставува и застапува претседателот.

## II ЦЕЛИ, АКТИВНОСТИ, ОБЛИЦИ И НАЧИН НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

**Член 8**

Основните цели и активности на Комитетот се:

- унапредување на заштитата, конзервацијата и рехабилитацијата на спомениците на културата, група градби и места;
- поттикнување на интересот во Република Македонија за нивен поквалитетен третман;
- соработка со државни и меѓународни институции и организации од други земји во светот коишто имаат слични цели.

**Член 9**

За остварување на основните цели и задачи Комитетот:

- изработува студии, анализи, елаборати, програми, експертизи и реализира конкретни проекти што ќе му бидат одобрени, односно доверени од домашни и меѓународни институции и организации;
- организира предавања, советувања, симпозиуми, трибини, работилници, изложби, промоции и други облици на работа и презентација за постигнатите резултати;
- врши јавни овлстувања што ќе му ги довери надлежното министерство, врз основа и во согласност со закон;
- издава списание „ИЦОМОС – МАКЕДОНИЈА", публикации и друг вид комуникациски материјал;
- организира и поттикнува настапи преку медиумите;
- врши и други работи утврдени со закон и овој Статут.

**Член 10**

Комитетот, како член на Меѓународниот совет за споменици и места - ИЦОМОС, со седиште во Париз, Република Франција, (во понатамошниот текст само ИЦОМОС), ќе ја донесува и извршува својата сопствена програма за активности врз национална основа, и истата ќе биде и во согласност со целите и активностите на ИЦОМОС.

**Член 11**

Генерално, на национално и на меѓународно ниво, Комитетот претставува форум за дискусија и размена на информации за принципите, техничките, правните и администртивно-управните аспекти на заштитата, конзервацијата, реставрацијата и истакнувањето на вредностите на спомениците, местата и групите градби.

**Член 12**

Работењето на Комитетот може да се организира преку ограноци (организациони единици).

Огранок на Комитетот може да се формира за подрачје на една или повеќе општини, односно регион, доколку бројот на членовите од тоа подрачје или регион е над 1/3 од вкупниот број членови на Комитетот, и доколку постои оправданост за таквиот начин на организирање.

Одлука за организирање на огранок донесува Собранието на предлог на Извршниот одбор.

**Член 13**

Заради определување на предметот на интерес и активностите на Комитетот, се даваат следниве дефиниции.

- А. Изразот *споменик* треба да ги опфати сите структури (вклучувајќи го нивното лоцирање инвентар и содржина) што претставуваат вредност од историско, уметничко, архитектонско, научно или етнолошко гледиште. Оваа дефиниција треба да опфати и дела од монументалната архитектура и

сликарството, елементи или структури од археолошка природа, натписи, пештерни живеалишта и сите комбинации на такви облици.

- Б. Изразот *група градби* треба да ги опфати сите групи поединечни или поврзани градби (урбани и рурални) и нивната околина, коишто поради нивната архитектура, хомогеност и нивното место во околината, претставуваат вредност од историско, научно, општествено и етнолошко гледиште.

- В. Изразот *места* треба да ги опфати сите топографски предели и нивната околина, творби од човекот и комбинирани творби, вклучувајќи ги историските паркови и градини ако се вредни од археолошко, историско, естетско, етнолошко или антрополошко гледиште.

- Г. Изразите *споменик, група градби и места* не треба да опфатат:

  1. музејски збирки што се наоѓаат во определен споменик;
  2. арехеолошки збирки што се чуваат во музеите или се изложени во рамките на археолошки или историски музеи;
  3. музеи на отворено.

## III ЧЛЕНСТВО, ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

**Член 14**

Членувањето во Комитетот може да биде индивидуално и колективно.
Индивидуалното членување може да биде: редовно, потпорно и почесно.
Колективното членување може да биде само потпорно.

**Член 15**

Редовен член може да биде секој граѓанин, државјанин на Република Македонија, кој живее на територијата на Републиката, и кој професионално е вклучен непосредно или посредно во заштитата и конзервацијата на недвижното културно наследство.

Потпорен член може да биде секој полнолетен граѓанин кој е државјанин на Република Македонија, или странец кој има постојан престој или привремено престојува на територијата на Републиката повеќе од една година, како и секое правно лице регистрирано кај надлежниот регистарски суд во Република Македонија, што сака материјално да ги поддржи целите и дејствувањето на Комитетот.

Почесен член може да биде секој поединец, државјанин на Република Македонија или странец, кој има посебни заслуги за заштитата на недвижното културно наследство во Република Македоња или исклучителни резултати и придонес во развојот на заштитата на културното наследство во пошироки размери.

Зачленувањето во смисла на став 1 и 2 од овој член е доброволно и се врши со потпишување на пристапница.

Почесно членство во смисла на став 3 од овој член се стекнува со избор, врз основа на одлука на Собранието и по предлог на Извршниот одбор.

Комитетот за своите членови води регистар на членството, што се ажурира најмалку еднаш годишно.

**Член 16**

Во остварувањето на целите и активностите на Комитетот, членовите ги остваруваат своите права и обврски на начин утврден со Уставот на Република Македонија, законот и овој Статут, а по приемот на Комитетот во ИЦОМОС и според неговиот Статут.

Редовните членови на Комитетот ги имаат следниве права и обврски:

- да учествуваат во реализација на целите и задачите на Комитетот;
- да бидат избирани и да избираат во сите органи и тела на Комитетот;
- да ја унапредуваат работата на Комитетот и да се грижат за зголемување на угледот на Комитетот на национално и меѓународно ниво;
- да бидат благовремено информирани за дејноста и активноста на Комитетот;
- да бидат информирани за материјално-финансиското работење на Комитетот;
- да ги исполнуваат и другите обврски кон Комитетот;
- да членуваат во еден поткомитет.

Потпорните и почесните членови ги имаат истите права како и редовните членови, освен правото на гласање на седниците на Собранието.

**Член 17**

Секој член на Комитетот е должен да плаќа годишната членарина, чија висина ја одредува Собранието на Комитетот, а за платената членарина членовите добиваат национална и меѓународна членска картичка, публикации на Комитетот и ИЦОМОС, како и други бенифиции што повремено ќе ги донесува Извршниот комитет на ИЦОМОС.

По исклучок на став 1 од овој член, почесните членови на Комитетот не плаќаат членарина.

**Член 18**

Почесен член на Комитетот, по предлог на Собранието, може да биде избран и за почесен член на ИЦОМОС.

На почесниот член му се доделува диплома.

**Член 19**

Членството во Комитетот може да престане:

- по сопствена желба, но по претходно уплатена членарина за тековната година, за што писмено го известува Комитетот;
- кога членот треба формално да се избрише од списокот заради неплаќање членарина;
- поради дејствување спротивно на овој Статут и на останатите акти на Здружението.

Дејствување спротивно на овој Статут и останатите акти на Здружението (чл. 19 став 1 алинеа 3) претставува основа за исклучување од членство на Комитетот.

**Член 20**

Комитетот на своите членови и на други правни и физички лица може да им доделува дипломи, благодарници, плакети и повелби.

Доделувањето на признанија се уредува со посебен правилник.

**Член 21**

Одлука за престанок на членување во Комитетот донесува Извршниот одбор на Комитетот.

Одлука за исклучување од членство во Комитетот донесува Собранието на Комитетот по предлог на Извршниот одбор.

При исклучување или престанок на членувањето, потпишананата пристапница задолжително се враќа на некогашиот член.

**Член 22**

Членовите на Комитетот, кои без оправдување трипати едно по друго нема да одговорат на поканата од органите или телата за извршување на некоја активност од делокругот на Комитетот, привремено преминуваат во статус - член во мирување.

Статусот - член во мирување - го утврдува Извршниот одбор, за што по писмен пат го известува членот.

Статусот - член во мирување - се задржува с# додека членот ја има платено членарината за тековната година.

**Член 23**

Редовните членови кои преминале во статус на мирување не се сметаат во работниот кворум на кој било орган или тело на Комиетот.

Доколку членот во мирување сака да се реактивира како редовен, тој треба да поднесе барање до Извршниот одбор, кој донесува одлука и го известува Собранието.

## IV ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

**Член 24**

Органите на Комитетот се:

1. Собрание;
2. Извршен одбор;
3. Надзорен одбор;
4. Програмски колегиум;
5. Поткомитети и комисии.

## V СОБРАНИЕ

**Член 25**

Собранието се состои од сите членови на Комитетот - редовните, потпорните и почесните, и претставува највисок орган на управување на Комитетот.

Собранието на Комитетот одлучува за следново:

- донесува статут на Комитетот и врши негови измени и дополнувања;
- донесува едногодишна програма за работа на Комитетот;
- донесува финансиски план и ја усвојува завршната сметка за финансиското работење од претходната година;
- одлучува за промената на целта на здружување;
- одлучува за основање и укинување на огранoци и други облици на организирање;
- одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојуз и меѓународни организации;
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- одлучува за престанок на работата на Комитетот со 2/3 мнозинство;
- го избира и разрешува претседателот на Собранието;
- го избира и разрешува претседателот на Комитетот;
- го избира и разрешува Извршниот одбор на Комитетот;
- го избира и разрешува Надзорниот одбор на Комитетот;
- го избира и разрешува секретарот на Комитетот;
- расправа и ги одобрува извештаите за работата на претседателот, Извршниот одбор, Надзорниот одбор, комисиите и поткомитетите;
- донесува одлука за почесни членови на Комитетот;
- донесува општи акти и одлуки на Комитетот;
- ја утврдува висината на членарината;
- ги ратификува одлуките на Извршниот одбор;
- се грижи за реализација на програмата на Комитетот;
- како член на Комитетот во ИЦОМОС, ќе го доделува правото на глас на членовите на Комитетот за Собранието на ИЦОМОС и ќе предлага почесни членови на ИЦОМОС;
- врши и други работи утврдени со Статутот, општите акти на Комитетот и другите прописи на Република Македонија.

**Член 26**

Седниците на Собранието ги свикува и со нив раководи претседателот на Собранието.

Собранието на Комитетот се свикува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор или на 1/5 од вкупниот број членови на Собранието.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена не свика седница, неа ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Седница на Собранието за разгледување на работата на Извршниот одбор може да се свика и по предлог на Надзорниот одбор.

Начинот на свикување на седница се определува со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 27**

Работниот кворум на Собранието на Комитетот изнесува 1 плус 1/2 од вкупниот број активни членови на Комитетот.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку не е постигнат кворум, Собранието на Комитетот ќе се состане повторно, на истото место, и во рок од 24 часа неговите одлуки ќе бидат валидни со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 28**

Со 2/3 квалификувано мнозинство, од вкупниот број редовни членови, Собранието одлучува за следниве прашања:

- промена на целите на Комитетот;
- здружување, раздружување и зачленување во сојузи и меѓународни организации;
- престанување на работата на Комитетот.

**Член 29**

На седница на Собранието се одлучува со јавно гласање.

По исклучок на став 1 од овој член, со тајно гласање се одлучува за:

- прашања од член 25 на овој Статут;
- избор на органи на Комитетот;
- други прашања доколку Собранието така одлучи.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

## VI ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО

**Член 30**

Претседателот на Собранието се избира од редот на редовните членови на Комитетот, за период од три години, а може да биде избран и за наредните два мандата од по три години. По пауза од три години повторно може да биде избран под истите услови.

**Член 31**

Должности на претседателот на Собранието се:

- ги подготвува и свикува седниците на Собранието на Комитетот;

- го подготвува дневниот ред на седниците на Собранието;
- ги потпишува одлуките, решенијата и заклучоците на Собранието на Комитетот.

## VII ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО

**Член 32**

Потпретседателот на Собранието се избира од редот на редовните членови со мандат од три години, со можност да биде избран и за наредните два мандата од по три години. По пауза од три години повторно може да биде избран под истите услови.

Потпретседателот во отсуство на претседателот го заменува со сите права и должности.

## VIII ИЗВРШЕН ОДБОР

**Член 33**

Извршниот одбор е извршен орган на Собранието на Комитетот.

Извршниот одбор е овластен да дејствува во името на Собранието на Комитетот меѓу одржувањето на неговите седници.

Извршниот одбор:

- ги подготвува седниците на Собранието;
- го подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на Собранието;
- може да формира стручна служба и да врши контрола над нејзината работа;
- управува и одговара за управувањето со имотот на Комитетот;
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата активност;
- врши и други работи согласно со Статутот и други акти.

**Член 34**

Извршниот одбор се состои од 11 члена, кои се избираат од редот на редовните членови.

Претседателот и потпретседателот на Комитетот по функција се членови на Извршниот одбор.

Извршниот одбор се состанува по потреба или најмалку трипати годишно.

**Член 35**

Членовите на Извршниот одбор се избираат за период од три години, и можат да бидат избрани и за наредните два рока од по три години, а по пауза од три години може повторно да бидат избрани за членови на Извршниот дбор.

Доколку се испразни место член на Извршениот одбор, Собранието избира нов член од редовите на Комитетот.

**Член 36**

Со Извршниот одбор раководи претседателот на Комитетот.

Одлуките на Извршниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од присутните членови. Кворум за работа на Извршниот одбор претставува 1 плус 1/2 од бројот на членовите.

Член на Извршниот одбор се иззема од гласање за прашања поврзани со него, со неговиот брачен другар или роднина до втор степен, и за прашања кои се однесуваат на некое правно лице врз кое тој има контрола или економски интерес.

## IX ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИТЕТОТ

**Член 37**

Претседателот на Комитетот ги има следниве задачи:

- се грижи за реализирање на програмата за работа на Комитетот, како и на заклучоците, ставовите и другите документи што ги донесуваат Извршниот одбор и Собранието на Комитетот;
- ги подготвува и свикува седниците на Извршниот одбор на Комитетот;
- го подготвува деневниот ред за седниците на Извршниот одбор;
- го претставува и застапува Комитетот пред државните органи, организации и други физички и правни лица од земјата и странство;
- како член на Комитетот во ИКОМОС, по службена должност, претседателот на Комитетот е член и на Советодавниот комитет на ИЦОМОС;
- има право да овласти трето лице за стручно застапување на интересите на Комитетот пред судовите, државните органи, организации и трети лица;
- ги потпишува одлуките, решенијата и заклучоците на Извршниот одбор на Комитетот;
- поднесува предлози до Собранието на Комитетот и Извршниот одбор, со цел - поефкасна работа на Комитетот;
- Претседателот е одговорен за врските меѓу Комитетот и главните тела на ИЦОМОС;
- извршува и други работни задачи што му се ставени во надлежност со овој Статут, одлуките на Собранието и Извршниот одбор на Комитетот;
- претседателот на Комитетот е должен да поднесува годишен извештај за работата на Комитетот и неговото материјално-финансиско работење.

**Член 38**

За своето работење претседателот на Комитетот е одговорен пред Собранието на Комитетот.

Доколку извештајот за работата на Комитетот и неговото материјално-финансиско работење не добие мнозинство од работниот кворум, Собранието покренува расправа за разрешување на претседателот на Комитетот.

**Член 39**

Претседателот на Комитетот се избира од редот на редовните членови за мандат од три години, а може да биде избран и за наредните два мандата од по три години. По пауза од три години може повторно да биде избран под истите услови.

## X ПОТПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИТЕТОТ

**Член 40**

Потпретседателот на Комитетот се избира од редот на редовните членови за мандат од три години, со можност да биде избран и за наредните два мандата од по три години. По пауза од три години повторно може да биде избран под истите услови.

Потпретседателот на Комитетот го избира Собранието на Комитетот.

Во отсуство на претседателот тој го заменува со сите права и должности.

## XI СЕКРЕТАР НА КОМИТЕТОТ

**Член 41**

Секретарот на Комитетот се избира за мандат од три години, со можност да биде избран и за наредните два мандата од по три години. По пауза од три години повторно може да биде избран под истите услови.

Должност на секретарот е да му помага на претседателот на Комитетот при реализацијата на програмата.

**Член 42**

Секретар на Комитетот може да биде и професонално вработено лице.

Професионално вработениот секретар има должност:

- да ги извршува сите административно-технички работи во седиштето на Комитетот;
- да го води Документациониот центар на Комитетот.

За своето работење секретарот е одговорен пред претседателот на Комитетот.

## XII НАДЗОРЕН ОДБОР

**Член 43**

Надзорниот одбор врши директен надзор врз материјално-финансиското работење на Комитетот. Надзорниот одбор се состои од три члена, кои се избираат и разрешуваат од страна на Собранието на Комитетот.

Мандатот на членовите изнесува три години. По пауза од три години тие повторно можат да бидат избрани под истите услови.

Членовите на Надзорниот одбор се од редот на редовните членови на Комитетот.

Во својата работа Надзорниот одбор одлучува со мнозинство гласови.

Работата на Надзорниот одбор и неговите права и обврски посебно се регулираат со Деловникот за работа на Собранието на Комитетот и Правилникот за материјално-финансиско работење.

## XIII ПРОГРАМСКИ КОЛЕГИУМ

### Член 44

Членови на Програмскиот колегиум по функција се претседателите на поткомитетите.

Со Програмскиот колегиум раководи претседателот на Комитетот.

Програмскиот колегиум се состанува по потреба, а најмалку трипати годишно. Програмскиот колегиум учествува во подготовката и заедно со претседателот на поткомитетот се грижи за реализација на Програмата на Комитетот.

## XIV КОМИСИИ И ПОТКОМИТЕТИ

### Член 45

За проучување на специфични проблеми од стручно-научен или технички карактер, на предлог од Извршниот одбор, се формираат комисии и поткомитети.

Комисиите и поткомитетите се составени минимум од три члена, од кои еден е претседател.

Членувањето во комисиите и поткомитетите е доброволно, по сопствен избор за секој редовен член на Комитетот, чие членство го утврдува Извршниот одбор на Комитетот.

Активностите и извештаите на поткомитетите и комисиите и степенот на нивната реализација се утврдуваат од страна на Извршниот одбор, а се прифаќаат од Собранието.

Претседателите на поткомитетите се избираат од страна на Собранието, врз основа на начелен предлог на поткомитетот и утврден од страна на Извршниот одбор.

Претседателот на поткомитетот се избира со мандат од три години, со можност за избор во наредните два мандата од по три години. По пауза од три години може да биде избран под истите услови.

Претседателот и членовите на комисиите за одредени прашања од делокругот на активностите на Комитетот се утврдуваат од страна на Собранието, а по предлог на Извршниот одбор.

Мандатот на претседателот и членовите на комисијата трае до усвојување на извештајот за работата од страна на органот кој ги формирал.

**Член 46**

Доколку извештајот за работата на поткомитетите и комисиите не добие мнозинство од работниот кворум, Собранието покренува расправа за разрешување на претседателот на одредениот поткомитет или комисија.

## XV МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

**Член 47**

Комитетот може да стекнува недвижен и движен имот во согласност со важечките прописи.

Комитетот ги остварува средствата за работа преку:

- членарина;
- спонзорски и друг вид приходи од поединци и претпријатија;
- доброволни прилози, подароци и легации;
- договори за истражување и услуги;
- други извори на приход одобрени од страна на Извршниот одбор на Комитетот;
- трговско друштво.

Комитетот може да добива средства од Буџетот на Република Македонија, Буџетот на град Скопје и буџетите на единиците на локалната самоуправа, врз основа на претходно изготвени програми (проекти) што ќе бидат одобрени од Владата на Република Македонија, односно надлежните министерства, советите на единиците на локалната самоуправа и Советот на град Скопје, во согласност со законот.

Средствата стекнати врз основа на претходните ставови на овој член се сопственост на Комитетот.

**Член 48**

Материјално-финансиското работење на Комитетот се врши во согласност со законските прописи за материјално-финансиско работење и со финансискиот план на Комитетот.

Комитетот може да ангажира стручни лица за извршување на определени работи од материјално-финансиска природа.

**Член 49**

Сите прашања за материјално-финансиското работење поточно се регулираат со посебен правилник што го донесува Извршниот одбор на Комитетот.

Сие трошоци предвидени во финансискиот план се подмируваат од редовните и вонредните приходи.

**Член 50**

За извршување на финансискот план се грижи претседателот на Комитетот.

За собирање на приходи и за наменско трошење на средствата се грижат претседателот и Извршниот одбор на Комитетот.

**Член 51**

Парите и другите вредности коишто Комитетот наменски ќе ги добие на подарок можат да се трошат само за таа намена и ќе се водат на посебна сметка во сметководството на Комитетот.

**Член 52**

Комитетот има своја денарска и девизна жиро-сметка.

## XVI СОРАБОТКА НА КОМИТЕТОТ СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА, ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ ЗДРУЖЕНИЈА И ОРГАНИЗАЦИИ

**Член 53**

Комитетот соработува со други здруженија и организации од Република Македонија и други држави заради остварување на целите и активностите на Комитетот.

Соработката се остварува преку непосредни контакти, размена на информации, публикации, деловни поврзувања и друг вид контакти.

Комитетот членува во меѓународни организации како рамноправна членка, прифаќајќи го Статутот на секоја од тие организации ако не е во спротивност со целите на Комитетот, Уставот и законите на Република Македонија, и ако има соодветни цели и активности како оние на Комитетот.

Комитетот може да се здружува во сојуз со други невладини организации во согласност со законот и овој Статут.

**Член 54**

Сите членови на Комитетот ќе имаат право да присуствуваат на Собранието на ИЦОМОС.

Секој член на Комитетот може да биде избран во телата на ИЦОМОС по предлог на Собранието на Комитетот.

Бројот на гласовите во Комитетот на Собранието на ИЦОМОС изнесува 18, што е статутарна одредба на ИЦОМОС. Тој број е ист и за сите останати национални комитети, кои се редовни и рамноправни членки на ИЦОМОС.

Имињата на членовите со право на глас (18) треба да му бидат соопштени на Секретаријатот на ИЦОМОС минимум еден месец пред одржувањето на Собранието на ИЦОМОС.

Секој гласач може да даде полномошно на друг номиниран член на Комитетот, но ниеден номиниран член не може да има повеќе од пет гласа, покрај сопствениот.

Мнозинството номинирани гласачи на Комитетот (18) ќе го сочинуваат редовните членови.

## XVII ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА

**Член 55**

Собранието на Комитетот ќе има право да врши измени и дополнувања на важечкиот Статут со 2/3 мнозинство од членовите.

## XVIII ПРЕСТАНОК НА ПОСТОЕЊЕ НА КОМИТЕТОТ

**Член 56**

Комитетот престанува да постои:

- со одлука на Собранието доколку за тоа се изјаснат најмалку 2/3 од членовите на Комитетот од работниот кворум;
- ако бројот на членовите на Комитетот се намали под бројот определен за основање на здружение на граѓани (5);
- ако Уставниот суд на Република Македонија донесе одлука дека програмата и Статутот на се во согласност со Уставот;
- кога надлежниот суд ќе утврди дека Комитетот престанал со работа;
- ако Комитетот врши политички активности или ако својот имот и средства ги користи за остварување на цели од политички партии или ако неговата програма и дејствување се насочени кон насилно уривање на уставниот поредок на Републиката, поттикнување и повикување на воена агресија на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост;
- ако работењето на Комитетот не е во согласност со одредбите на овој Статут.

**Член 57**

Во случај на престанок на работата на Комитетот, имотот и средствата што остануваат по подмирување на обврските се користат за:

- стипендии и специјализации во странство;
- конзерваторско-реставраторски работи на споменик на културата;
- издавање на специјализирани публикации од областа на заштитата на културното наследство.

Во случаите кога не може да се постапи во смисла на став 1 од овој член, преостанатиот имот и средства на Комитетот преминуваат во здружние на граѓани, што со решение ќе го определи Министерството за култура.

## XIX ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 58**

Толкувањето на овој Статут има право да го врши Собранието на Комитетот, а меѓу две седници на Собранието ова право го има Извршниот одбор на Комитетот.

**Член 59**

Измените и дополнувања на овој Статут се вршат по иста постапка како и при неговото донесување.

**Член 60**

Овој Статут стапува во сила со неговото донесување.

Скопје, 21.06.2002 год.

**Претседател на Собранието на МНК - ИКОМОС**

***Проф. д-р Михаил Токарев, с.р.***